# „‚Сакате ли да ве известам за најдоброто од вашите дела, најчистото кај вашиот Господар, она што најмногу ги воздигнува вашите степени

Од Ебу Дерда, Аллах нека е задоволен со него, се пренесува дека рекол: Божјиот веровесник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „‚Сакате ли да ве известам за најдоброто од вашите дела, најчистото кај вашиот Господар, она што најмногу ги воздигнува вашите степени, кое е подобро од давањето злато и сребро како садака и подобро од тоа да се соочите со вашите непријатели, па да ги удирате по вратовите, а тие да ве удираат по вратовите?‘ Тие рекоа: ‚Секако!‘ Тој рече: ‚Спомнувањето на Возвишениот Аллах.‘“
[صحيح] [رواه الترمذي وابن ماجه وأحمد]

Божјиот веровесник, салаллаху алејхи ве селем, ги праша асхабите: „ Сакате ли да ве известам за најдобрите ваши дела, највозвишените и најчистите кај Аллах, Семоќниот Владетел? . Она што најмногу ќе ги воздигне вашите степени во Џенетот? Кои се подобри од давањето злато и сребро како садака? И кои се подобри од тоа да се соочите со неверниците во борба, па да ги удирате со сабји по вратовите, а тие да ве удираат со сабји по вратовите?“ Асхабите рекоа: „Да, сакаме!“ Тогаш тој, салаллаху алејхи ве селем, рече: „Спомнувањето на Возвишениот Аллах, во секое време и во секоја состојба.“

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/3575

النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee